РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ

**ПРИЛОГ 1**

**ИЗВЕШТАЈ**
**За реализација на Годишната програма за работа на**
**НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ - НОБ**
**За 01.01 – 31.12. 2021 година од областа на музичка и музичко- сценска дејност**

2020 година беше година во која појавата на пандемијата предизвикана од корона вирусот, не примора да учиме како да се прилогодуваме и да функционираме во ново-нормалните создадени услови на глобално ниво. Што научивме изминатата сезона 2021? Кое е новото нормално во изведувачките уметности?
На ова прашање се обидуваат да одговорат многу експерти, но едно е сигурно, во 2020 година сите го прифативме глобалниот тренд на дигиталната онлајн култура, со што го сменивме вообичаениот модел на функционирање, во 2021 година успеавме да ги прилагодиме комплексните сценско-визуелни форми во едночасовни дела, скоро 90 минутни уживање кои како здрава опција ги понудивме на нашата публика постојна, нова и идна од нашите сцени, надвор и внатре или преку дигиталната медиумска форма низ нашите медиуми. Се соочивме со предизвици, добри и лоши, за нас вредни лекции од кои научивме дека можеме се́ доколку сакаме, доколку имаме разбирање, соработка и поддршка. Оттука, можеме да заклучиме дека изминативе две години научивме да бидеме флексибилни, во работата, во понудата, во реализацијата на активностите. Имено, ова ни дава надеж, дека ќе ја стартуваме во новата сезона 2022 на нашата сцена со сите Вас и преку нашата програма повторно Ве освоиме со имагинација, бравурозност и дух.

Свесни за изменетата состојба, присуство на страв, за дали е безбедно да се вратиме во театрите, на сцената, за разновидните можности за разонода како се може да се помине слободното време, за отсуство на општествена мотивација да се посетува театар. Но, исто така свесни сме и за обврската која ја имаме, а таа подразбира градење на општествениот капитал и подобрување на општествената кохезија, преку, во нашиот случај, понудените програмски активности.

Според програмската политика и месечни распореди на уметничките дирекции Опера и Балет, при тоа следејќи го протоколот за безбедна работа и заштита од SARS – COV-2 според препораките на Владата на РСМ, Министерство за Култура и Центарот за

јавно здравје, со одржување/организирање на програмски активности / настани во затворен простор , прво со 30% исполнетост на публика како прва мерка, за октомври 2021 година се спроведе мерка која дозволува 50 % исполнетост[1] и посетители со примени две дози на вакцина или приложување на документ за прележан Ковид, Ви доставуваме извештај за реализирани програмски активности на НУ. Национална опера и балет за 2021 година, кон што потсетуваме дека во месец април 2021 година на 63-та седница на Владата на Р.Северна Македонија[2], по предложување на Комисијата за заразни болести беше донесена мерка за забрана за движење на граѓаните на територија на републиката во временски период од 20.00 часот до 05.00 часот наредниот ден, што резултираше со откажување на закажаните програмски активности на НУ. НОБ за тој месец.

Во согласност со приоритетите кои ги делиме со Министерството за култура на РСМ во 2021 година успеавме да ги реализираме проектите преку кои вршиме презентација на музичкото творештво и тоа: премиерите операта „Паљачи" и балетот „Жизел" како и меѓународниот фестивал „Мајски оперски вечери" што се одржа по 49 ти пат.
„Паљачи"- оперска премиера се реализираше со домашен авторски тим, Дејан Прошев – режисер, Илина Ангеловска – сценограф, Никола Булевски – костимограф и „Жизел" – балетска премиера, за која подготовките беа започнати во 2020 година во која Александар Ношпал го даде својот авторски печат за сценографијата и костомографијата. Кореографската адаптација на делото е на Ирена Пасариќ гостин педагог од Хрватска. И двете премиери се реализираа во закажаните термини со одличен прием од страна на публиката.

Меѓународниот фестивал „Мајски оперски вечери " го оддржа своето 49 то издание со наслов „Масјки концерти" ,во за нас нов модел на реализација– хибриден модел со наслов, што подразбира дека дел од настаните на фестивалот се следеа на официајлниот YouTube канал на НУ. НОБ, а дел од гледалиштето на Големата сцена со 30 % присуство на публика. Премиера на фестивалот беше проектот „Игри на животот" кој понуди прилика да го покажеме младиот талент со кој располага нашиот ансамбл, умешноста на младиот авторски тим кон експериментирање во формата и барокот да звучи и личи модерно и современо како и спојот на опера и балетот во едно сценско дело.
Завршниоит настан, традиционално се реализира на 31.05 со овој пат, концертна изведба на операта „Аида" на плоштадот „Мајка Тереза" (пред официјалниот влез на НУ.НОБ) во

[1] https://vlada.mk/node/26838
[2] https://vlada.mk/node/24815

присуство на претставници од државниот протокол, видни личности од културната фела во нашата земја како и мноштво љубители на класичната музика.
Настаните на фестивалот беа видео и аудио документиран според светските стандарди за документирање на музичко-сценски настани на затворено, на сцена и на отворено, за што беше ангажирана професионална продукциска екипа.

Проектот „Концертот по повод празникот Василица"е настан, чиј алтернативен карактер понуди стилска и жарновска разновидност на формата, во 2021 година се реализираше под наслов „Најголемите хитови". Настанот е секогаш добро прифатен од страна на публиката и за истиот се бара карта повеќе.

Преку „Тековниот репетоар на Операта и Балетот" го следиме трендот за одржливост со изведби на веќе добро пласирани претстави кои се покажале како едни од омилените кај публиката. Проектите кои се реализираа од страна на домашните ансамбли се: „Гала оперски концерт" и „Болеро", „Кавалерија рустикана", „Шехерезада", „Кармен" , „Стабат матар", „ Опера на шумските животни", „Тоска" , „Травијата" ,„ Од Скопје до Неапол" - концерт, балетските концерти „Балетски бисери", „Романтична балетска вечер", „Есенски балетски колаж", „Ла ла ла...", „Петар Пан" и „Оревокршачка".

Остварената комуникација која нашата установа ја има со уметници (диригенти, репетитори- педагози, оперски и балетски солисти првенци) од домашната и меѓународната сцена, ја гледаме како можност за споделување, надградба на вештини и знаења која е битна за младите таленти ( ученици и студенти) во нашата дејност за 2021 година, поради околностите се сведе на минимум. Имавме прилика да ги видиме на сцената, диригентката Оксана Мадераш од Украина во претставата „Кармен" и баритонот Нико Исаков од Бугарија во претставата „Тоска" во улогата на Скарпија.
Значаен настан кој се реализираше врз основа на покана и допис доставен од страна на Амбасадата на Р. Италија во Р. Северна Македонија, е проектот концертна изведба на операта „Дрдорењата на Лапо" ( Lapeggiamenti, amenita, queirimonie et altri tremendi affeti nella nobilissima Florenzia- оригинален наслов). Дело пишувано според либрето на Калудио Салтарели и музика на Џо Скитано,посветено на поетот Данте Алигиери. Концертната изведба на операта на сцената на НУ. Национална опера и балет имаше за цел да ја одбележи седумстотата годишнина од смртта на поетот Данте и е настан со кој заеднички се заокружи Неделата посветена на италијанскиот јазик и култура во Р. Северна Македонија. Уметник гостин солист беше Џанпиеро Руџери од Италија во улогата на Лапо Салтарели.

Проектите „Гостувања низ Републиката“ и „Учество на фестивалите Скопско лето, Охридско лето и ДММ“ се проекти со кои поттикнуваме мобилност и деметрополизација на формата, која поради својата специфика е „врзана“ за матичната сцена, а при тоа и оганичена во полето на посетители, допринесуваме кон концептот за развој на публика, но и ги презентираме нашите достерели во дејноста на фестивалски сцени заедно со видни уметнички имиња.

Националната опера и балет оствари гостувања во НУЦК Марко Цепенков – Прилеп со „Болеро и па де катр“, Струмица Опен фест, Пелинце во чест 30 години Илинден, Битола со претставата „Паљачи“ и Радовиш. На фестивалот Скопско лето НУ. НОБ учествуваше со проектите „Од оркестарот за публиката “ – опера без зборови со што и го отвори фестивалот, и со Концерт на Хорот на НУ. НОБ кој се одржа во прекрасниот амбиент на зелената тераса на Градскиот трговски центар во Скопје. НУ. НОБ, го отвори и фестивалот „Охридско лето“ со проектот „Големиот Чајковски“ на сцената на Антички театар во Охрид. Во октомври, што не е пракса се одржа фестивалот „Денови на македонска музика“ кој исто така беше отворен со Гала оперски концерт во изведба на солистите и оркестарот на Националната опера и балет. Кон крајот на годината беше одржан и фестивалот „Есенски музички свечености“ - НУ.НОБ учествуваше со претставата „Кармен“ опера од Бизе.

Нашите замисли на сцената ќе останат како такви доколку не се земат активностите зад сцената. Тука ставаме акцент на активностите кои се од областа на инвестиционото и тековното одржување на објектот и опремата без кои, би се сложиле сите, нема да постојат адекватни услови реализација на програмата.

Иницијативата, а подоцна и Проектот со наслов „ Проект за подобрување на музичките инструменти, опрема за осветлување и озвучување на НУ. Национална опера и балет“ е активност која ќе ја одбележи годината. Апликација на која се работеше три последователни години, во јули 2021 година се заврши како конечна со доделување на 79.800.000 јапонски јени културен грант – донација од Јапонија за да на 20 септември во НУ. НОПБ донацијата се презентира преку официјална прес -конференција. Во прилог доставувам краток извештај за проектот од колешката Наташа Теодосиевска.

Моменталните услови на објектот се во незавидна состојба и покрај проектите кои се одобруваат од секторот за инвестиции. Впрочем тука може да заклучиме дека се работи за средства со кои се покриваат тековни , годишни обврски и за кои само дел се одобруваат, додека инвестициони проекти и да нема. Сакаме да потсетиме дека објектот на НУ. Националната опера и балет е еден од симболите на поземјотресното обновување на градот Скопје и претставува исклучителено архитектонско ремек дело. Сепак, покрај

своите вредности, зградата сѐ уште е без заштита, соочена со стареење на структурните и архитектонски материјали, лошо финансирање и несоодветните спорадични интервенции. Оттука, следејќи го заклучокот и препораките на Државната Ревизија, коинциденција која се поклопи и со нашата потреба, НУ. Национална опера и балет започнува долгогодишен проект - Иницијатива за заштита на зградата на Национална опера и балет.

ОДРЖАНИ НАСТАНИ ПО МЕСЕЦИ

| **Месец** | **Вкупно претстави** | **Опера** | **Балет** | **Посетеност Опера** | **Посетеност Балет** | **Гостувања во РСМ** | **Меѓународни гостувања** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 5 | 3 | 2 | 460 | 324 | | |
| Февруари | 3 | 2 | 1 | 218 | 138 | | |
| Март | 2 | 2 | | 194 | | | |
| Април | | | 1 On line | | | | |
| Мај | 4 online<br>3 | 4 online<br>2 | <br>1 | 224 | 111 | | |
| јуни | 5 | 4 | 1 | 112 | 61 | 1 | |
| Јули | | | | | | 1 | |
| Август | | | | | | 2 | |
| Септември | 2 | 1 | 1 | 126 | 120 | | |
| Октомври | 6 | 4 | 2 | 249 | 436 | 1 | |
| Ноември | 4 | 3 | 1 | 681 | 216 | 1 | |
| Декември | 9 | 2 | 7 | 648 | 2244 | | |
| **Вкупно** | **43<br>5 online** | **24<br>4 on line** | **19<br>1 on line** | **2912** | **3650** | **6** | **0** |

Резиме: За 2021 година, НУ. Национална опера и балет реализира вкупно 48 настани од кои 43 на својата сцена и 5 on line. Настаните за 2021 година ги имаат посетено вкупно 6562 посетители. НУ. НОБ има остварено 6 гостувања низ Републиката.

Кон овој НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ за 2021 година во прилог ги наведувам и поединечните наративни извештаи кои се доставени до Министерство на култура – сектор за музичка и музичко сценска дејаност, во кои наративниот приказ за реализација е подетален и тоа:

- Наративен извештај бр. од 01,11,2021 – Жизел - премиера
- Наративен извештај бр. 03-2958/1 од 11,11,2021 – Гостување низ Републиката
- Наративен извештај бр. 03-2871/1 од 04.11.2021 – Ангажирање на балетски првенец од странство

- Наративен извештај бр. 03-2870/1 од 04.11.2021 – Покана на домашни и странски солисти
- Наративен извештај бр. 03-3169/1 од 30.11.2021 – Дрдорењата на Лапо
- Наративен извештај бр. 03-3376/2 од 14.12.2021 – Тековен репертоар на Опера
- Наративен извештај бр. 03-3445/2 од 17,12.2021 – Тековен репертоар Балет
- Наративен извештај бр. 03-3526/1 од 23,12.2021 – Учество на Охриско лето, Скопско лето и ДММ.

Извештајот го подготви м-р Евица Тасеска Каранфилова, програмски раководител. КОн изготвување на истиот се користени материјали и податоци од соодветните оддели од Сектор Финансии, Правна служба, Макретинг и дирекциите на Сценска техника, Опера и Балет.

Скопје, 18.02.2022 година
М-р Евица Тасеска Каранфилова
Програмски раководител на НУ Национална опера и балет

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
OPERA DHE BALETI NACIONAL
01-760/1
24.02.2022 год.-viti
Скопје-Shkup

# ИЗВЕШТАЈ
## за реализацијата на Годишната програма за работа на НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ-НОБ за 01.01.-31.12.2021 год. од областа на музичко сценска дејност

Во периодот на 2021 година со Министерство за култура се склучи Годишниот договор за програмско финансирање на НУ НОБ. Согласно законот за култура, средствата за финансирање се обезбедуваат од Буџетот на РСМ преку Министерство за култура..Средствата се исплаќаат врз основа на издадени решенија од МК, за користење на одобрените проекти.

Но, во текот на 2021 година поради економско здравствената состојба предизвикана од COVID 19 кризата и мерките на Владата на Република Северна Македонија за справување со вирусот, не можеше да се реализира планираната програма во целост, не само во нашата институција туку и во другите институции од областа на културата. Од тие причини бевме приморани да бараме пренамена на Годишната програма за 2021 година.

Материјално-финансиското работење на НОБ се врши преку 4 сметки и тоа: Буџетска, Трансферна (закупнини), Сопствена и Донаторска.

### 1.Финансиско работење со средства од Буџетот на Р.С.Македонија

Од Буџетот на Р.С.Македонија, преку Министерството за култура, финансирана е дејноста на НУ НОБ со средства во вкупен износ од **332.031.741** ден. Вкупниот приход е составен од бруто плато, програмски средства наменети по проекти, матерјални трошоци (струја, комуналии, централно греење), дел за Законски трошоци ( сервисирање на лифтови и реконструкција на простории за донацијата од Јапонија) како и отпремнини за пензии и солидарна помош.

За дел од одобрените средства во 2021 година, добиена е пренамена, по наше барање, поради продолжување на настанатата ситуација во земјата со вирусот COVID 19 . Министерството за култура, не ги исплати во целост планираните средства од 2021год. и остана како обврска, која треба да ја исплати во 2021 год. според последно потпишаната програма бр. 22-3104/60 од 27.12.2021 г.

Пренесената обврска од 2021год. што останува за 2022 год изнесува **532.389 ден.** за кои е поднесено барање и за кои се доставени финансиски извештаи.

Средствата од оваа година се одобрени за следните намени:

| | |
|---|---|
| • **Плати и придонеси од плати** | **276.006.256** |
| • **Програмски активности во 2021** | **29.456.989** |
| • **Мајски концерти** | **739.692** |
| • **Електрична енергија** | **5.210.239** |
| • **Комунални услуги (вода, ѓубретарина)** | **2.420.611** |
| • **Централно греење** | **9.127.561** |
| • **Реконструкција на простории за донацијата од Јапонија** | **697.911** |
| • **Сервисирање на лифтови** | **398.980** |
| • **Извршни решенија** | **7.973.502** |
| **Вкупен приход** | **332.031.741** |

**40-Музичко сценска дејност**

Проектите од музичко сценска дејност од 2021 година се прикажани на следниот табеларен преглед: ден.

| Пр ог. | Проект | **Исплатени во 2021** | Барање за исплата на проекти од 2021 по доставени Извештаи |
|---|---|---|---|
| 40 | Традиционален концерт по повод праз. Василица<br>По год.прогр. 273.846 | 273.846 | |
| 40 | Гостување на странски и домашни солисти<br>По год.прогр. 700.000 | 646.470 | 53.530<br>Исплатени во 2022 |
| 40 | Потрошен матерјал за инструменти во лична сопственост<br>По год.прогр. 4.792.262 | 4.792.262 | |
| 40 | Тековен репертоар во Опера<br>По год.прогр. 1.025.460 | 950.000 | 75.460 |
| 40 | Кирија на музички инструменти<br>По год.прогр. 1.063.330 | 1.000.000 | 63.330 |
| 40 | Премиера „Паљачи''<br>По год.прогр. 2.000.000 | 2.000.000 | |
| 40 | Тек. одржување и репарац. на инструм. на НОБ<br>По год.прогр.150.000 | 120.000 | 30.000 |
| 40 | Гостување низ Република.<br>По год.прогр. 150.000 | 120.000 | 30.000 |
| 40 | Учество на Охрид. лето, Скопско лето и ДММ<br>По год.прогр. 150.000 | 120.000 | 30.000 |
| 40 | Дрдорењето на Лапо<br>По год.прогр. 10.000 | 10.000 | |
| 40 | Балетска Обнова<br>Жизел<br>По год.прогр. 1.000.000 | 1.000.000 | |
| 40 | Мала сцена<br>По год.прогр. 300.000 | 300.000 | |
| 40 | Тековен репертоар на Балетот<br>По год.прогр.1.560.000 | 1.460.000 | 100.000 |
| 40 | Ангаж.на балетски играч-првенец од странс<br>По год.прогр. 1.255.000 | 1.153.599 | 101.401<br>Исплатени во 2022 |
| 40 | Ангаж.на бал.играчи од странство-ансам. Играчи<br>По год.прогр. 248.668 | 200.000 | 48.668 |
| 40 | Набавка на шпиц патики од фабр.Гејнор од САД<br>По год.прогр. 500.000 | 500.000 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 40 | Матерјални трошоци за работа на установата (стари и нови) 3.000.000 + 5.895.138 пренамена од одобрената програмата= 8.895.138 | 8.895.138 | |
| 40 | Исплата на долг по судска пресуда за Смокварски 8.500.000 | 8.500.000 | |
| 40 | Вршење на здравствен периодичен преглед на вработените 350.000 | 350.000 | |
| 40 | Исплата на провизија кон Народна Банка за донацијата од Јапонија 335.164 | 335.164 | |
| 40 | Исплата на долг од 2020г= 2.309.347 | 2.309.347 | |
| 40 | Испратнини и солидарна помош (461.364 од 2020г, и 679.674ден од 2021)=1.141.038 | 1.141.038 | |
| 70 | Мајски концерти 739.692 | 739.692 | |
| | **ВКУПНО ОДОБРЕНИ = 37.448.945** | **36.916.556** | **532.389** |
| 40 | Одземени средства по извршни решенија од ПРОГРАМАТА | -6.719.895 | |

Одземени средства само од буџетската сметка **по проекти износува 7.973.502 ден. и тоа:**

| | |
|---|---|
| -Од програма | 6.719.895 |
| -Од Комуналии и вода | 479.150 |
| -Од Централно греење | 774.457 |
| **ВКУПНО** | **7.973.502** |

Или, прикажани како:

- Главен долг по Извршни реш. 4.816.333
- Камата по Извршни решенија 1.747.661
- Трошоци по Извршни решенија 1.409.508

**ВКУПНО 7.973.502**

Се работи за стари обврски, како сто се: Артист, Виста турс, Офис плус, Бомарски ДООЕЛ, Калина, Симако Нова и во најголем дел физички лица кои биле ангажирани во Тајно моја и други проекти.

## 2.Финансиско работење со средства од самофинансирачки активности-787

Според сметководствената документација, на сопствената сметка во 2021 год, НОБ остварил вкупен приход од **4.486.323 ден.** Додека вкупните расходи се **4.369.558 денари**. Остварената добивка **116.765** денари.

| Р.бр | Вид на приходи | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| • | Приходи од продажба на билети на билетара | 1.330.452 | 1.619.770 |
| • | Приходи од продажба на билети преку аквизитери | 845.150 | 634.450 |
| • | Други неданоцни приходи(уплати за гостувања во Битола, Охридско лето,,Струмица и др ) | 1.412.335 | 1.553.845 |
| • | Приходи од диведенда од комерцијална банка | 451.000 | 492.000 |
| • | Закупнина од објектот-Скопски Џес фестивал | / | 120.000 |
| • | Пренесено салдо од претходната година | 144.018 | 66.258 |
| | **Вкупен приход** | **4.182.955** | **4.486.323** |

Остварените расходи на сопствената сметка-787, се прикажани на следниот табеларен преглед:

| Р.бр | Вид на расходи | Износ |
|---|---|---|
| • | Патни и дневни трошоци во земјата и во странство | 946.918 |
| • | Фиксни и мобилни телефони, и пошта | 53.052 |
| • | Горива и масла | 32.969 |
| • | АТА карнет за сцен, и кост.за ..Хофм.прик,, Варна | 21.234 |
| • | Авионски билети-стар долг кон Атлантис | 36.608 |
| • | Регистрација на моторни возила | 5.702 |
| • | Средства за одржување на хигиена | 20.051 |
| • | Ситен инвентар | 17.098 |
| • | Сценографија и костимографија и реквизита | 16.101 |
| • | Други матерјали- млеко за чевларско, матер.за во кафекуварница,катанци,батерии,салфети, и др | 61.669 |
| • | Канцел.матерјали,разни списанија | 730 |
| • | Матерјали за АОП | 6.455 |
| • | Поправка и тековно одржување- масло за теретна платформа 23.000;матерјали за поправка на тоалети, лагери за голема балетска сала, цилиндри, брави, акумулатори за шкода и сеад леон и др. | 78.249 |
| • | Банкарска провизија- за картички и on-line продажба | 56.820 |
| • | Плаќање на судски такси | 31.846 |
| • | Услуги за копирање ,печатење,подгот. на нотни матерјали | 105.574 |
| • | Услуги за изнајмување на ЛЦД проектор за Василица 2021г | 178.416 |
| • | Дог.услуги за сценографија – | 7.824 |
| • | Дог.услуги за улога | 53.600 |
| • | Трошоци за распоредители | 74.816 |
| • | Дополнително вложен труд-враќање на авансирани фактури од 2017год, | 274.441 |
| • | Трошоци за аквизитери | 67.787 |

| | | |
|---|---|---|
| • | Трошоци за музичари-дел од авансирана фактура во 2017г | 120.000 |
| • | Други договорни услуги-2- фин.книговод.благајник, администр,обезбедувачи,билетопродавач, хигиеничари,тонци,управен одбор, опслуга, декоратери | 861.607 |
| • | Др.оперативни расходи- компензација со Цес фестивал 72.000; уплата за завршна сметка, данок од добивка | 172.121 |
| • | Семинари | 29.715 |
| • | Расходи за репрезентација- | 21.320 |
| • | Објава на огласи | 24.426 |
| • | Плаќања по судски решенија | 28.160 |
| • | Други трансфери-хуманит.концерт уплата за Сара од Охрид | 52.000 |
| • | Купување на опрема | 7.569 |
| • | **Главен долг---------------------------------- 479.779**<br>**Камата по извршни------------------------ 111.120**<br>**Трошоци по извршни решенија---------313.781** | **904.680** |
| | **Вкупни расходи** | **4.369.558** |

Се работи за стари обврски, како сто се: Режија на Урсула Хорнер, Еуролинк осигурување, Осигурителна полиса, Еуролинк осигурување и др.

**Одржани претстави по месеци за 2021 година**

| Месец | Вкупен бр.ј на реализирани претстави | **Оперски претстави** | **Балетски претстави** | Посетеност (опера) | Посетеност (балет) | Гостувања во Р.М. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 5 | 3 | 2 | 460 | 324 | / |
| Февруари | 3 | 2 | 1 | 218 | 138 | / |
| Март | 2 | 2 | / | 194 | / | / |
| Април | / | / | / | / | / | / |
| Мај | 3 | 2 | 1 | 224 | 111 | / |
| Јуни | 7 | 4 | 3 | 113 | 61 | 1(балет) |
| Јули | 1 | / | 1 | / | 82 | 1(балет) |
| Август | 1 | 1 | / | 186 | / | 1(опера) |
| Септември | 2 | 1 | 1 | 162 | 120 | |
| Октомври | 6 | 4 | 2 | 16 | 436 | 1(опера) |
| Ноември | 5 | 4 | 1 | 681 | 216 | 1(опера) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Декември | 9 | 2 | 7 | 648 | 2244 | |
| Вкупно | 44 | 25 | 19 | 2902 | 3732 | 3 (опера)<br>2 (балет) |

# ОПЕРА – 2021

Во 2021 година реализирани се:

| Претстави | Посетители |
|---|---|
| 25 | 2902 |

**Премиери:**

1. 26.05.2021 "Игри на животот" – **Премиера – МОВ**
2. 30.09.2021 "Палјачи" - **Премиера**
3. 19.11.2021 "Дрдорењата на Лапо" - **Премиера**

**Гостувања на операта во Р.М.**

1. 18.08.2021 "Концерт"– гостување во Струмица
2. 02.10.2021 "Палјачи" - гостување во Битола
3. 06.11.2021 Оперски концерт - гостување во Радовиш

**Меѓународни гостувања:**

/

## БАЛЕТ – 2021

Во 2021 година реализирани се:

| Претстави | Посетители |
|---|---|
| 19 | 3732 |

**Премиери:**

1. 30.10.2021 "Жизел" – **Премиера**

**Гостување на балетот во Р.М.**

1. 11.06.2021 "Болеро" – гостување во Прилеп
2. 17.07.2021 "Концерт Чајковски" – гостување во Охрид

**Меѓународни гостувања:**

/

**3.Финансиско работење со средства од закупнини-631**

Според сметководствената документација, на сметката на закупнини во 2021 година, НОБ остварил вкупен приход **од 1.751.880 ден,** додека вкупните расходи се **1.698.489 денари**. Добивката на сметката на закупнини изнесува **53.391** денари.

| Р.бр | Вид на приходи | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| • | Приходи од кирии | 723.399 | 293.103 |
| • | Приходи од изнајмување на салон и фоаје | 640.668 | 882.021 |
| • | Останати неоданочени приходи( уплата од Театарско-музички прод.центар од Варна, користење на инструменти и др ) | 45.930 | 500.979 |
| • | Пренесено салдо од минатата година | 30.679 | 75.777 |
| | **Вкупен приход** | **1.440.676** | **1.751.880** |

Вкупните расходи изнесуваат **1.698.489 денари** на сметката на закупнини (631)се прикажани на следниот табеларен преглед:

| Р.бр | Вид на расходи | Износ |
|---|---|---|
| • | Фиксни и мобилни телефони и поштарина(2,223ден) | 37.826 |
| • | Горива и масла | 11.023 |
| • | Транспорт на стоки-банкарска гаранција АТА карнет за костими и декор за ,,Хофманови приказни,, | 332.429 |
| • | Регистрација на моторни возила | 12.584 |
| • | Патни и дневни расходи | 5.162 |
| • | Средства за одржување на хигиена | 16.513 |
| • | Други материјали- кабли, утикачи, креп траки,лепак, цилиндри за брава,ЦД и ДВД,батерии,шарки, селотејп, шајки и др | 33.521 |
| • | Поправка на возила | 25.340 |
| • | Поправка и одржување на машини-чешми,ВЦ шоља,црева,вентили,стакло,брави | 7.781 |
| • | Поправка и одржување на др.опрема- сервисирање на лифтови<br>вратени пари | 213.580 |
| • | Печатење на билети | 30.135 |
| • | Објавување на огласи | 7.080 |
| • | Други договорни услуги-надворешни соработници Обезбедувачи,хигиеничар,билетопродавач, фи.раководител,тон мајстор,управен одбор,админ.правни работи,сметководители,благајник | 315.383 |
| • | Дог.услуги за дополн.вложен труд –Атанасовски Никола старо,Един Личина, Стевица,Сашо Вучевски-старо | 53.769 |
| • | Расходи за репрезентација | 5.270 |
| • | Уплата на ДДВ | 440.000 |
| • | Камата за задоцнето плаќање на ДДВ | 48.329 |
| • | Купување на информатичка и видео опрема-хард диск,маус,батерија | 39.40 |
| • | Уплата на данок од добивка, такси по приговори | 60.742 |
| • | **Главен долг, камата и трошоци-за Артист,Сони Петровски, Офис плус,Елизабета Петревска**<br>**-камати по извршни решенија ----- 26.082**<br>**-трошоци по извршни решенија— 12.000** | **38.082** |
| • | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **1.698.489** |

1. НУ Национална Опера и Балет  во најголем дел ја реализира планираната програма од 2021 година, и ги реализираше премиерите ,,Паљачи,, и ,,Жизел,, како и ,,Игри на животот,, и ,,Дрдорењето на Лапо,, Во услови на пандемија НОБ продолжи да ги  презема потребните мерки, почитувајќи ги препорачаните мерки и протоколи.

Во вакви услови,  бевме  приморани  да  бараме измена на одобрените средства по Годишната програма за работа од 2021 година, водејќи сметка да не го надминеме вкупниот износ на одобрени  средства. За дел од проектите , добивме пренамена во износ од 8.895.138,- ден , како матерјални трошоци за работа на институцијата (стари и нови) од кои финансиски средства можевме да плаќаме и стари долгови.

Почитувајќи ги мерките и протоколите , во текот на 2021 год се реализираа  44 оперско блетски претстави, што е за 57% повеќе во однос на 2020год, каде беа реализирани 28 претстави.

2,Ненамирените обврски на буџетската сметка на 31.12.2021год. инесуваат  **20.866.455** ден , во  2020 год изнесуваа **36.495.522ден** , додека на крајот од 2019год. изнесуваа **45.058.286 ден**. што видно е дека покажуваат тенденција на опаѓањње ут.

Вкупните побарувања изнесуваат 1.207.789,- ден. Тука е ,,Асфалт,, со 858.310,- ден . кој е утужен,Макуба со 145.128,- утужен и чекаме на наплата односно компензација, Ѓоко Ѓорчев на износ од 33.040,- исто утужен и се чека за наплата.

3.Во  НУ Македонска Опера и Балет во тековната 2021 година беа одземени програмски средства збирно од сите сметки  од присилни  извршувања  за  неплатени  стари долгови, зголемени за камати поради задоцнето плаќање како и процесни трошоци во износ од **8.916.264** денари, од кои :

| | |
|---|---|
| • Главен долг по Извршни решенија изнесува | 5.296.112 |
| • Камата по Извршни решенија | 1.884.863 |
| • Трошоци по Извршни решенија | 1.735.289 |
| **ВКУПНО** | **8.916.264** |

4.Од  приходот  што  се  остварува  од  издавање  на  деловен  простор  под  закуп   во 2021год. како и приходите од билети,  во најголем дел се трошат за  исплата на  ангажирани надворешни соработници (2-пожар.обезбедувачи,2-тонци,2-хигиеничари,шивачи,2-фин.сметководители, благајник, маркетинг, 2-соработници во администрација, билетопродавач, распоредители и  др ).Сите овие работни места се испразнети со одење во пензија.

Исто така се интервенира при тековно инвестиционо одржување на објектот на МОБ, чии трошоци прогресивно се зголемуваат како што старе објектот. Од истиот извор се одвојуваат  средства за  набавка на потрошен матерјал за заеднички служби, телефонски трошоци а во неодложни ситуации се интервенира и за програмски потреби.

Програмските средства односно средствата од Буџетот на РМ  воглавном се трошат наменски при што се постапува според законот за Извршување на буџетот, исклучок од сето тоа се исплатените односно присилно одземените финансиски средства за судски извршувања, кои допринесуваат за намалување на нашиот буџет.

Подготвил,
Вера Велкова

Директор
М-р Васо Ристов